Дело 26 јули 2002

Душан Бјелиќ за Балканот како метафора

# Културата е изворот на моќта

Во септември, во издание на "Мит Прес", ќе излезе зборник текстови посветени на прашањата на Балканот, под име "*Балканот како метафора: меѓу глобализацијата и фрагментацијата*". **Душан Бјелиќ** за зборникот го напиша воведниот текст во кој вели дека главна тема на книгата е балканскиот идентитет и претставувањето на задоволството и насилството на Балканот.

Во воведот Бјелиќ условно ги споредува Балканот и американскиот југ. Бинарната логика на југот ја конституира "белината" која паразитира врз "црниот идентитет", исто како и на Балканот, каде што кој и да е народ или етничка група себе си се смета за Запад, или како западна, додека другите ги ориентализира и ги нарекува балкански. Србите паразитираат врз Албанците, Хрватите и Бошњаците, Хрватите врз Србите, Македонците врз Албанците, а Словенците врз сите други итн. Глобалната политика им служи како "автентична периферија" за оние коишто себе си се гледаат како центар на напредокот, просветеноста и благосостојбата.

Во книгата на Бјелиќ повеќе станува збор за дискурзивни географии, отколку за реална географија, а тоа значи дека "народите" настанаа како објекти на разни дискурси и затоа не се во ист географски простор. Балканот е еден таков дискурзивен објект. Така на пример, она што важи за германскиот и англискиот народ, не важи за народите на Балканот. Не по природа, туку по дискурсите од коишто настанаа. "Западните народи" настанаа од дискурсот на расата која ја следеше колонизацијата и себе си се конструираа како невидлива "бела раса". Бидејќи



*Душан Бјелиќ е професор на Универзитетот во Портланд и предава два курса: "Национализмот и мултикултурализмот" и "Балканот и дијаспората"*

Балканците во тоа време немаа дискурс за расата, ниту колонии, станаа внатрешна депонија на европските стереотипови и страсти кои западните народи мораа да ги потиснат за да би биле, најпрво, владетели на телото, а потоа и владетели на светот. Така, сè она што во империјата на телесната дисциплина е забрането, се појавува на нејзината периферија - на Балканот, како депонија на разните забранети страсти и станува нејзин обратен идентитет. Дракула е инвенција на британскиот џентлмен, како спротивност на британскиот благородник. Тој е човек којшто се буди кога британскиот џентлмен оди на спиење, полн со страсти коишто отворено ги покажува, додека Британецот ги потиснува, целосно е ирационален, наспроти рационалноста на пуританскиот свет итн. Поради тоа, Балканот е мрачен, свет на страстите, сексуалноста и потребен му е како депонија на западниот свет за да може да се види во тој контраст како почист ентитет.

Во таквото самозадоволување на "балканизирање" на сопствените соседи се појавува "нарцизмот на малите разлики" и меѓу балканските народи. Балканот е простор со специфичен идентитет кој настана со учество на сите стереотипови кои циркулирале низ Европа неколку векови наназад и ние Балканците со нивна помош станавме свесни за себе низ парадоксот дека можеме да бидеме центар на едните и периферија на другите.

Кога се зборува за субјективитет, треба да се знае во кој простор настанува и како. Откако осознава дека е создаден, тоа може да го користи за она што Грците го нарекувале саморазубавување, а **Фуко** го нарекува естетика на субјективитетот.

Тоа што балканскиот идентитет не е стабилен, туку постојано во поместување, има свои и добри и лоши страни. Хомогеноста на нестабилниот балкански идентитет лесно се фрагментира, со што центрите на моќта слабеат. За тоа се подеднакво свесни, како националистите, така и меѓународната заедница. Бидејќи центрите на идентитетот, всушност, не можат да постојат како центри на моќ ако нема фиксирани идентитети. Тие центри би изумреле доколку не би можеле да живеат вампирски од наметнатите идентитети. Нестабилноста на идентитетот доведува до фрагментација на базата на моќта, односно, кога веќе не сме членови на една или две нации, туку панаѓур на идентитети, ниту една група нема културно мнозинство, туку тоа го имаат сите по малку, недоволно самите да владеат како национално мнозинство. Така, настанува една постдемократска културократија како простор за алијанси на периферни идентитети.

Низ историјата секој себе си си давал за право некои да нарекува "граѓанин од втор ред" и да решава тие да немаат права, и секогаш во рамките на заедницата некој да се прогласува за непријател.

Тоа насилство е поврзано со настанувањето на националните држави. Поделбата тука не постои, бидејќи првиот доминантен знак не мо-

## Културата е изворот на моќта

же да постои без другиот. Наполеон со својот национализам го произведе германскиот и рускиот, а потоа германскиот ги создаде другите итн. Поделбата на лоши и добри национализми е лоша и се репродуцира низ судирите кои се функционални за репродуцирање модели на национални држави.

На предавањата на Бјелиќ за мултикултурализамот и за Балканот голем број американски студенти со ентузијазам го прифаќаат погледот на периферијата кон центарот. Тие самите ја гледаат радикализацијата на својот идентитет, така што дозволуваат да ги образуваат оние коишто, на пример, економски доминираат. Тоа е една естетска акција и чин на лично разубавување - да се биде убав пред очите на другите. Здружувањето на сите тие естетски знаци се ставени во еден центар на контрола и со тоа станува моќ.

Но, моќта настојува да биде прифатена како реална. Ако ја согледаме како симболичка, тогаш ќе се прашаме кој ги контролира симболите? Тоа е дело на културата, како произведувач на тие знаци и почеток на моќта.

Секако, политичарите ја имаат таа моќ, но ние би требало да бидеме свесни за онтологијата на таа моќ. Почетокот на свеста е во тоа културата, како извор на моќта на знаците, мора да се сфати како трет домен на моќта, како знаење коешто претставува моќ. Проблемот е во тоа што, додека во антиката културата беше извор на моќта, денес таа е слугинка на политиката. Првиот чекор е образованието да се оддели од државата, како што своевремено се оддели од црквата. Да не биде продолжена рака на политиката. Културата би требало да биде институционализирана во еден "парламент на културата", кој би имал влијание на воспитувањето и уметноста, но и на економијата и политиката.

Концептот на нацијата настана од една културна фантазија, која поетите, писателите и историчарите ја создадоа во својата свест. Таа мора да се врати во симболичкиот простор. Да можеше сите слободно да зборуваат со генералите и политичарите, денес би имале еден сосема поинаков Балкан. Затоа културата на Балканот себе си треба да се сфати како моќ, покрај економската и политичката. Знаењето не е само моќ за подобрување на другите, туку и отпор кон поробувањето.

Балканот може да го преземе водството во процесот на глобализацијата токму поради тоа што културата е единствената моќ со која може да се носи во тој процес и со која може да го сочува својот богат културен плуралитет, како модел за другите културни територии. ■

